К-1-2024

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - прв квартал 2024 година -


## Резиме

- Во К-1-2024 е забележан реален **раст на економската активност** од 1,2% на годишна основа, придвижен од растот на бруто-инвестициите и потрошувачката;
- **Бројот на вработени** во К-1-2024 е повисок за 0,6% во однос на истиот квартал од 2023 година. **Бројот на невработени** во К-1-2024 се намали за 2,7%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 12,9%;
- Просечната **нето-плата** во К-1-2024 изнесува 39.771 денар и бележи раст од 16,3% на номинална основа, односно 12,5% на реална основа, споредено со нето-платата во К-1-2023;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-1-2024 се повисоки за 5,2%, а вкупните буџетски расходи за 20,9% споредено со истиот квартал од 2023 година;
- **Стапката на инфлација** во К-1-2024 изнесува 3,4% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-1-2024 се намали за 0,6% на квартална основа;
- Во К-1-2024 е забележан пад на **извозот на стоки** за 9,2% и на **увозот на стоки** за 0,9% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 4,5%.

## Содржина:

1. Економска активност ........ 3
2. Пазар на работна сила ........ 6
3. Јавни финансии ........ 6
   3.1. Буџетски приходи според економската класификација ........ 7
   3.2. Буџетски расходи според економската класификација ........ 9
   3.3. Расходи по буџетски корисници ........ 10
   3.4. Буџетски дефицит и државен долг ........ 11
4. Инфлација и монетарни движења ........ 12
5. Надворешен сектор ........ 15
   5.1. Надворешнотрговска размена ........ 15
   5.2. Платен биланс ........ 17

# 1. Економска активност

Во К-1-2024 е забележан **раст на економската активност** за 1,2% на годишна основа, а доколку се направи сезонско прилагодување на податоците реалниот раст изнесува 1,3%. Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст се должи исклучиво на позитивните остварувања во **услужниот сектор.** Растот на активноста во услужниот сектор е на широка основа и забележа зголемување за 4,1%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Уметност, забава и рекреација за 19,6%, по што следуваат: Стручни, научни и технички дејности за 7,5%, Трговија, транспорт и угостителство за 6,9%, Информации и комуникации за 2,5%, Јавна управа, одбрана, образование и здравство за 0,7% и Дејности во врска со недвижен имот за 0,1%. Пад е забележан кај Финансиски и дејности на осигурување за 0,1%.

Табела 1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 | К1 2024 | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 | К1 2024 |
| Бруто-домашен производ | 1,4 | 0,9 | 1,0 | 0,9 | 1,0 | 1,2 | | | | | | |
| Земјоделство | -0,2 | 0,1 | 2,0 | -15,3 | -3,8 | -19,7 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | -1,2 | -0,3 | -1,4 |
| Индустрија | -0,8 | 0,1 | -1,7 | 1,6 | -0,1 | -1,2 | -0,1 | 0,0 | -0,3 | 0,3 | 0,0 | -0,2 |
| Преработувачка индустрија | -3,2 | -1,8 | -1,2 | 1,9 | -0,8 | -0,3 | -0,4 | -0,2 | -0,1 | 0,3 | -0,1 | 0,0 |
| Градежништво | 18,9 | -14,8 | -13,0 | 5,5 | -2,3 | -2,5 | 0,7 | -0,8 | -0,9 | 0,4 | -0,1 | -0,1 |
| Услужен сектор | 2,0 | 3,0 | 3,3 | 1,6 | 2,5 | 4,1 | 1,2 | 1,7 | 1,9 | 0,9 | 1,4 | 2,5 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 3,4 | 4,4 | 1,9 | 2,3 | 3,0 | 6,9 | 0,7 | 0,8 | 0,4 | 0,4 | 0,6 | 1,4 |
| Информации и комуникации | 7,0 | 3,3 | 5,4 | 2,2 | 4,4 | 2,5 | 0,3 | 0,2 | 0,2 | 0,1 | 0,2 | 0,1 |
| Финансиски и дејности за осигурување | 3,7 | 3,9 | 6,6 | 3,5 | 4,4 | -0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 3,6 | 4,1 | 5,6 | 1,6 | 3,7 | 0,1 | 0,4 | 0,5 | 0,6 | 0,2 | 0,4 | 0,0 |
| Стручни, научни и технички дејности | 1,5 | 3,6 | 5,5 | 2,1 | 3,2 | 7,5 | 0,1 | 0,2 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,3 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | -4,5 | -0,9 | -0,2 | 0,2 | -1,4 | 0,7 | -0,6 | -0,1 | 0,0 | 0,0 | -0,2 | 0,1 |
| Уметност, забава и рекреација | -0,4 | 1,9 | 2,7 | -2,0 | 0,6 | 19,6 | 0,0 | 0,1 | 0,1 | -0,1 | 0,0 | 0,6 |
| Нето-даноци на производи | -0,4 | -0,2 | 2,1 | 3,9 | 1,2 | 1,1 | -0,1 | 0,0 | 0,2 | 0,5 | 0,2 | 0,1 |
| *Резидуал* | | | | | | | -0,3 | -0,1 | 0,1 | 0,0 | -0,1 | 0,3 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-1-2024) и пресметки на МФ

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 1,2%, во чии рамки преработувачката индустрија забележа пад од 0,3%. Согласно високофреквентните податоци, пад во К-1-2024 забележаа и секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 24,5% и Рударство и вадење камен за 2,3%. Во рамки на преработувачката индустрија позначителен придонес врз падот имаат следните гранки:




Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*

Извор: Државен завод за статистика

Производство на облека (пад од 23,3%, придонес од 1,5 п.п.), Производство на тутунски производи (пад од 61,6%, придонес од 0,8 п.п.) и Производство на други неметални минерални производи (пад од 16,5%, придонес од 0,7 п.п.).

**Земјоделскиот сектор** регистрира двоцифрен пад од 19,7%, по падот од 15,3% во претходниот квартал, со што продолжуваат негативните остварувања во овој сектор. **Градежната активност** забележа пад од 2,5%, а согласно месечните податоци за вкупните извршени градежни работи ваквото остварување се должи на падот на градежната активност во сегментот на високоградбата и специјализираните градежни работи, додека активноста во сегментот на нискоградбата забележа раст.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на позитивниот придонес на зголемената домашната побарувачка, во услови на зголемени бруто инвестиции и зголемена потрошувачка.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти
*(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Потрошувачката** забележа раст од 2,1% на реална основа. Притоа, **приватната потрошувачка** забележа раст од 2,0%, во најголем дел како резултат на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на поинтензивен раст на платите во К-1-2024 (реален раст од 12,5%), раст на пензиите и на кредитирањето на населението. **Јавната потрошувачка** забележа раст од 2,4% на реална основа.

**Бруто-инвестициите** забележаа двоцифрен раст од 23,6%, што претставува значително закрепнување по негативните остварувања во 2023 година, во услови на зголемен увоз на капитални добра (номинален раст од 34,6%) и зголемена реализација на буџетските капитални расходи (номинален раст од 31,7%).

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Слабата економска активност во земјите на ЕУ, како и на екстерната побарувачка резултираше со пад на **извозот на стоки и услуги** за 7,8% на реална основа. Падот на извозот се должи главно на намалениот извоз на хемиски материи и производи, електрична енергија, друмски возила и железо и челик. Од

друга страна, **увозот на стоки и услуги** забележа реален раст од 0,2%, придвижен од увозот на капиталните производи, додека намалувањето на увозот на интермедијарни производи забави во услови на намалена извозна активност овој квартал. Оттука, нето-извозот бележи негативен придонес врз економскиот раст.

Табела 2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 | К1 2024 | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 | К1 2024 |
| Бруто-домашен производ | 1,4 | 0,9 | 1,0 | 0,9 | 1,0 | 1,2 | | | | | | |
| Финална потрошувачка | -0,2 | 2,1 | 1,8 | 3,7 | 1,9 | 2,1 | -0,2 | 1,8 | 1,6 | 3,2 | 1,6 | 1,8 |
| Приватна | 0,7 | 2,8 | 2,8 | 3,3 | 2,4 | 2,0 | 0,4 | 2,0 | 2,0 | 2,4 | 1,7 | 1,4 |
| Јавна | -4,3 | -1,1 | -3,0 | 5,6 | -0,6 | 2,4 | -0,7 | -0,2 | -0,5 | 0,9 | -0,1 | 0,4 |
| Бруто-инвестиции | -22,3 | -4,8 | -18,7 | -20,5 | -16,7 | 23,6 | -9,6 | -1,8 | -5,7 | -7,0 | -6,0 | 5,5 |
| Извоз на стоки и услуги | 6,6 | -1,4 | -5,0 | 0,1 | -0,1 | -7,8 | 4,6 | -1,1 | -3,9 | 0,1 | -0,1 | -6,1 |
| Увоз на стоки и услуги | -5,0 | -2,0 | -9,8 | -6,5 | -5,8 | 0,2 | -4,6 | -2,0 | -9,2 | -6,1 | -5,5 | 0,2 |
| Нето-извоз | | | | | | | 9,3 | 0,9 | 5,4 | 6,1 | 5,4 | -6,3 |
| *Резидуал* | | | | | | | 1,9 | 0,0 | -0,3 | -1,4 | 0,0 | 0,2 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-1-2024) и пресметки на МФ




Извор: Евростат и национални заводи за статистика
*Расположливите податоци за Западен Балкан (5) се однесуваат на земјите: БиХ, Косово, С. Македонија, Србија и Црна Гора

## 2. Пазар на работна сила

Од почетокот на 2021 година, во сите земји членки на ЕУ се спроведува Анкета за работната сила во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа работна сила. РСМ ги имплементираше овие регулативи во 2023 година, а претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 е укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии на податоци, па во таа насока податоците за 2023 година не се споредливи со податоците од претходните години.

### Вработеност

Во К-1-2024, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е зголемен за 0,6%, односно за 4,1 илјада лица во однос на истиот квартал од 2023 година. Најголем раст на вработеноста се забележува во земјоделскиот сектор (15,3 илјади лица или 34,5%), а раст забележа и градежништвото од 6,5%, или 2,9 илјади лица.

Од друга страна, пак, пад на вработеноста забележа услужната дејност (од 3,1% или 13,2 илјади лица), пред сè како резултат на падот од 9,3% (или 10,6 илјади лица) во трговијата на големо и трговијата на мало, но пад на вработеноста беше регистриран и во секторите Информации и комуникации и Дејности на здравствена и социјална заштита. Индустријата, исто така, забележа намалување на бројот на вработени за 1,4%, односно 2,2 илјади лица.

Од вкупниот број вработени, 517.101 лице е вработено во субјекти во приватна сопственост (75,2% од вкупно вработените), додека 170.250 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (24,8% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-1-2024 изнесува 45,4% и во однос на истиот квартал од 2023 година е зголемена за 0,3 п.п..

### Невработеност

**Бројот на невработени** е намален за 2,8 илјади лица, односно за 2,7% во однос на истиот квартал од 2023 година.

**Стапката на невработеност** во К-1-2024 се намали на 12,9%, односно за 0,4 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,1 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1 Пазар на труд



Извор: Државен завод за статистика

Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 12,9%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 23,4% и во однос на К-1-2023 година овие стапки се намалени за 0,5 п.п. и 2,3 п.п., соодветно. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 0,1 п.п. кај женското население и изнесува 11,5%, што е за 2,4 п.п. помалку од невработеноста кај мажите, којашто е намалена за 0,5 п.п. и изнесува 13,9%.

## Активно население

**Бројот на активно население** е зголемен за 1,3 илјади лица, односно за 0,2% на годишна основа. Бројот на активното население во К-1-2024 сочинува 52,1% од вкупното работоспособно население, што е раст од 0,1 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година.

## Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-1-2024 изнесува 39.771 денар и таа е повисока за 16,3% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2023 година, а на реална основа е зголемена за 12,5% (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Највисока нето-плата во К-1-2024 е исплатена во секторот Информации и комуникации (75.135 денари), по што следат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 54.545 денари, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со просечно исплатена нето-плата во висина од 53.277 денари и Рударство и вадење камен (49.733 денари).

Просечната месечна **бруто-плата** во К-1-2024 изнесува 59.720 денари, што претставува раст од 16,6% на номинална основа и 12,7% на реална основа.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-1-2024 учествуваат со 34,8% во кварталниот БДП и се повисоки за 5,2% споредено со првиот квартал од 2023 година, а притоа раст за 11% бележат даноците, придонесите за 15,2% и неданочните приходи за 26,9%. Кај даночните приходи, повисока наплата е забележана кај приходите по сите основи, односно кај данокот на личен

доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и другите даночни приходи.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К1
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Наплатата на индиректните даноци во К-1-2024 во споредба со К-1-2023 е зголемена за 6,1%, а на директните даноци за 21,8%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,9 п.п. на годишно ниво, односно од 5,5% колку што изнесуваше во првиот квартал минатата година на 6,4% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-1-2024 изнесува 13,2% и е повисоко за 0,2 п.п. во однос на К-1-2023 кога изнесуваше 13,0%.

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ, кои претставуваат 43,3% од вкупните даночни приходи во К-1-2024, а се зголемени за 3,8% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 7,8%, а приходите од царински давачки за 17,6%.

Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 20,9%, а приходите од данокот на добивка за 23,0% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 15,2%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 15,1%, кај придонесите за вработување за 15,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 15,5%.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К1 2024
(во мил. денари)




Во К-1-2024, **неданочните приходи**, кои претставуваат 2,5% од кварталниот БДП, беа реализирани за 26,9% повеќе во однос на истиот квартал од 2023 година.

Во К-1-2024, **капиталните приходи** во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди беа повисоки за 3,1% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се пониски за 88,8% во споредба со истиот квартал од 2023 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-1-2024, со учество од 42,1% во кварталниот БДП, се повисоки за 20,9% споредено со истиот квартал од 2023 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 38,6% од кварталниот БДП, учествуваат со 91,7% во вкупните расходи и беа реализирани за 20,0% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа зголемување за 1,3%, а расходите за плати и надоместоци зголемување за 24,9% во однос на истиот квартал претходната година.



Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К1 2024 (во мил. денари)

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 65,7% во вкупните расходи, беа реализирани за 14,9% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 17,8% и учествуваа со 48,7% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 21,5% и забележаа учество од 30,9% во вкупните расходи.

Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 16,5% во вкупните расходи и забележа зголемување за 8,1% во однос на првиот квартал од 2023 година. Споредено со К-1-2023, блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување за 11,9%, а субвенциите и трансферите за 6,1%.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 104,3% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 100,0%, а каматните расходи по надворешен долг за 105,9%.



Графикон 3.4. Буџетски остварувања во К1 2024

**Реализацијата на капиталните расходи**, кои претставуваат 3,5% од кварталниот БДП, е повисока за 31,7% споредено со истиот квартал од 2023 година и нивното учество во вкупните расходи изнесува 8,3%.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во К-1-2024 година, **Министерството за труд и социјална политика** реализира 22.165 милиони денари или 37,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (75,9%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 16.833 милиони денари или 43,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 16,6% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 27,1% (3.685 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 9.312 милиони денари или 24,7% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,6%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.363 милиони денари или 25,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,3%, за што се потрошени 1.699 милиони денари, односно 25,8% од вкупно предвидените.

Во К-1-2024 година, **Владата на Република Северна Македонија** реализира вкупно 1.184 милиони денари, односно 22,8% од планираните средства за 2024 година. Притоа, ставката субвенции и трансфери учествува со 62,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 737 милиони денари (22,8% од предвидените средства).

Графикон 3.5. Структура на расходи по буџетски корисници во К-1-2024 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 3.750 милиони денари, што претставува 28,7% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 64,8%, за што се потрошени 2.428 милиони денари или 26,5% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 17,4%, и за таа намена беа реализирани 652 милиона денари или 29,7% од годишниот план.

Во К-1-2024 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 2.182 милиона денари што претставува 26,0% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, ставка којашто учествува со високи 90,4% во вкупните расходи, изнесува 28,5% од планираните средства


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

за цела година, односно 1.972 милиона денари.

Во периодот К-1-2024 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 1.842 милиона денари или 24,0% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 66,0%, за што се потрошени 1.215 милиони денари или 34,7% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со реализација од 386 милиони денари (12,2% од планираното за годината) и учество од 20,9% во вкупните расходи.

Во овој период **Министерството за одбрана** реализира 3.982 милиона денари, што е 19,8% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 35,6%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.419 милиони денари (21,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествува со 35,5% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 1.414 милиони денари, односно 24,2% од вкупно предвидените.

Во К-1-2024 година, **Министерството за транспорт и врски** реализира средства во износ од 691 милион денари, што е 3,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 62,9% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (435 милиони денари или 2,3% од вкупно планираните средства).

**Во анализираниот период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** реализира средства во износ од 272 милиона денари, што претставува 15,8% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (150 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 55,1%, а притоа се реализирани 25,2% од предвидените средства. По основ на капитални расходи отпаѓаат 20,9% од вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 57 милиони денари или 9,2% од вкупниот буџет за оваа намена.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.051 милион денари, што е 30,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 38,9% од предвиденото за цела година (801 милион денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска *(http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/)*.

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во првиот квартал од 2024 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува -14.667 милиони денари или 7,3% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 19.654

милиони денари, односно 9,8% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-1-2024 изнесува 50,4% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 2,7 п.п. во однос на К-4-2023. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-4-2023 е намалено за 1,2 п.п. и изнесува 56,2%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 43,8% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.6. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-1-2024, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 3,4% на годишна основа и во споредба со претходниот квартал е непроменета.

Во првиот квартал од 2024 година, потрошувачките цени се стабилизираа и се забележува забавен раст на базичната инфлација и на цените на енергентите, додека растот на цените на храната забрза, при што удел во растот на цените на храната во првиот квартал имаше и тоа што во март престанаа да важат мерките за намалување на цените на основните прехранбени производи.

Базичната инфлација регистрира забавување и изнесува 5,0% (6,2% во К-4-2023). Притоа, во овој квартал базичната инфлација забави како резултат на намалувањето на цените на воздушниот сообраќај и забавениот раст на цените за одржување на домаќинствата, додека зголемување на цените забележа тутунот, и тоа како резултат на зголемените акцизи и цените во категоријата Ресторани и хотели.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по компоненти, во К-1-2024 растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забрза и тој

износува 2,3% (1,0% во претходниот квартал). Гледано според структурата, најголем позитивен придонес во растот имаа цените на зеленчукот и овошјето.

Раст на потрошувачките цени во К-1-2024 се забележува и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици[1] за 11,9%, Ресторани и хотели за 6,8%, Здравствена заштита за 5,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина за 5,5%, Разновидни стоки и услуги за 4,9%, Рекреација и култура за 4,7%, Облека и обувки за 4,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 2,1%, Комуникации за 1,9%, Образование за 0,5% и Транспорт за 0,4%. Во првиот квартал, цените на мало регистрираа раст од 3,5%.

Во првиот квартал оваа година, Народната банка ја задржа **основната каматна стапка** на нивото од 6,30%, исто како и во претходниот квартал, во услови на значително забавување на инфлацијата и поволен девизен пазар, но и при сè уште присутни ризици.
Во К-1-2024, каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена останаа непроменети и изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

**Примарните пари**[2] забележаа раст од 13,0% на квартална основа (во претходниот квартал е забележан раст од 2,8%), како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 27,2%, додека готовите пари во оптек остана непроменети.

Во првиот квартал во годината споредено со К-1-2023, примарните пари се зголемија за 22,3% (во К-4-2023 е забележан раст од 11,2%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 35,2% и 10,0%, соодветно.

Во К-1-2024, најтесната парична маса М1[3] забележа намалување од 3,8% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 се намали за 2,2%, а најширокиот монетарен агрегат М4 регистрираше пад од 0,6% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[4] на банките во К-1-2024 се намали за 0,6% на квартална основа, по растот од 4,7% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 6,7%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 1,7%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се намалија за 1,4%, а девизните депозити регистрираа раст од 0,5%.

---

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, при што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.

[2] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[3] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Степенот на евроизација е зголемен за 0,4 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 43,5%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-1-2024 се зголеми за 1,3 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 23,4% (во К-4-2023 изнесуваше 22,1%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа намалување од 0,1%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-1-2024 се зголеми за 1,0% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 1,9%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 0,7% и на кредитите кон домаќинствата за 1,3%. Од валутен аспект, во К-1-2024 денарските кредити се зголемија за 1,9%, додека девизните кредити се намалија за 0,2%.

Според рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 0,3% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се зголемија за 3,3%.

**Каматната стапка**[5] на денарските кредити во К-1-2024 изнесува 5,90% и е зголемена за 0,15 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-1-2024 изнесува 5,07% што значи дека е намалена за 0,09 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-1-2024 изнесува 2,25% и забележа раст од 0,04 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 1,35% и е зголемена за 0,01 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-1-2024 изнесува 5,51%, а на новоодобрените девизни кредити 4,47%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,72% и 1,93%, соодветно.

[5] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-1-2024 изнесува 4.666,0 милиони евра и бележи пад за 4,5% во однос на истиот квартал од 2023 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-1-2024 изнесува 1.929,9 милиони евра и во однос на К-1-2023 бележи пад од 9,2%, додека во однос на претходниот квартал пад од 7,3%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), негативни движења во извозот во К-1-2024 во однос на истиот квартал од 2023 година се забележуваат во следните сектори:

- хемиски производи за 19,1% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата хемиски материи и производи за 140,7 милиони евра или за 22,5% );
- минерални горива и мазива за 53,0% (електрична енергија за 60,4 милиони евра или 65,6%);
- производи класирани по материјалот за 5,9% (железо и челик за 11,9 милиони евра или 7,6%; предиво, ткаенини и текстилни производи за 9,6 милиони евра или 31,3%);
- суровини освен гориво за 14,6% (метална руда и отпадоци од метал за 15,0 милиони евра или 21,3%);
- разни готови производи за 1,8% (облека за 6,9 милиони евра или 6,1%; обувки за 2,6 милиони евра или 39,4%);
- пијалаци и тутун за 3,4% (тутун и производи од тутун за 5,1 милион евра или 27,3%) и
- животински и растителни масла за 2,5% (масти и масла од животни за 0,1 милион евра или 81,2%).

Позитивно придвижување на извозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 4,2% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата електрични машини, апарати и делови за 32,1 милион евра или 9,8%; индустриски машини и делови за 12,4 милиони евра или 19,7%); и
- производи за храна за 15,0% (овошје и зеленчук за 4,2 милиона евра или 10,5%; жита и преработки од жита за 3,6 милиони евра или 13,8%).

Гледано **по економска намена**, во К-1-2024 пад на извозот е забележан во следните групи производи:

- индустриски набавки за 160,3 милиони евра или 14,3%;

- горива и мазива за 65,7 милиони евра или 54,0%;
- транспортна опрема за 3,8 милиони евра или 1,2% и
- стоки за широка потрошувачка за 0,1 милион евра или 0,05%.

Зголемување на извозот е забележано во следните групи производи:

- храна и пијалаци за 18,9 милиони евра или 15,4% и
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 14,4 милиони евра или 6,7%.

**Увоз на стоки** во К-1-2024 изнесува 2.736,1 милион евра и е намален за 0,9% во однос на К-1-2023, додека во однос на претходниот квартал бележи пад од 5,7%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-1-2024 во однос на К-1-2023 се забележува во следните сектори:

- минерални горива и мазива за 22,8% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: гас, природен и индустриски за 64,2 милиона евра или 50,6%; нафта и производи од нафта за 30,2 милиона евра или 13,1%);
- хемиски производи за 10,7% (неоргански хемиски производи за 54,8 милиони евра или 45,0%);
- производи класирани по материјалот за 6,3% (обоени метали за 31,6 милиони евра или 9,8%; железо и челик за 26,0 милиони евра или 18,7%) и
- животински и растителни масла за 18,4% (цврсти растителни масла и масти, преработени за 2,8 милиони евра или 20,2%).

Позитивно придвижување на увозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 19,0% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 42,8 милиони евра или 40,9%; машини специјализирани за одредени индустрии за 39,0 милиони евра или 92,3%);
- производи за храна за 15,2% (месо и преработки од месо за 11,6 милиони евра или 26,8%; овошје и зеленчук за 7,8 милиони евра или 20,7%);
- разни готови производи за 12,3% (облека за 3,5 милиони евра или 9,9%; професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 2,8 милиони евра или 11,3%);
- суровини освен гориво за 6,6% (метална руда и отпадоци од метал за 6,7 милиони евра или 31,8%) и
- пијалаци и тутун за 15,6% (пијалаци за 3,4 милиони евра или 22,0%).

Гледано **по економска намена**, во К-1-2024 пад на увозот е забележан во следните групи производи:

- горива и мазива за 106,9 милиони евра или 23,6% и
- стоки за индустриски набавки за 89,9 милиони евра или 7,1%.

Зголемување на увозот е забележано во следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 57,9 милиони евра или 14,6%;
- транспортна опрема за 44,8 милиони евра или 31,7%;


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

- стоки за широка потрошувачка за 34,8 милиони евра или 13,7% и
- храна и пијалаци за 33,9 милиони евра или 14,0%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-1-2024




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[6]) во К-1-2024 е намалена за 2,5% во однос на К-1-2023, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 63,4% и е зголемено за 1,3 п.п. споредено со првиот квартал од 2023 година. Притоа, во К-1-2024 извозот на стоки учествува со 79,8%, а увозот на стоки со 51,9%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-1-2024 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 185,0 милиони евра, што претставува 5,7% од кварталниот БДП, наспроти суфицитот од 3,0% од БДП забележан во истиот квартал од 2023 година.

Анализирано на годишна основа, тековната сметка забележа дефицит од 185,0 милиони евра во К-1-2024, наспроти суфицитот од 92,8 милиони евра во истиот период минатата година, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 35,1% и на сметката на примарен доход за 4,4%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 17,2%. Спротивно влијание имаше

[6]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 19,2%.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Во К-1-2024, **трговскиот дефицит** е зголемен за 210,8 милиони евра на годишно ниво, додека во процент од кварталниот БДП тој е зголемен за 5,8 п.п. на годишна основа и изнесува 25,0%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-1-2024 изнесува 301,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2023 година тој е зголемен за 48,6 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-1-2024 изнесува 157,0% од кварталниот БДП и во однос на К-1-2023 е намалена за 10,2 п.п..

во К-1-2024 сметката на **примарен доход** забележа дефицит од 193,3 милиони евра и тој е зголемен за 8,2 милиона евра на годишно ниво.

Во анализираниот период, суфицитот на сметката на **секундарен доход** изнесува 518,2 милиона евра и на годишно ниво е намален за 107,5 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на официјалните трансфери за 58,0 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 3,5%, како и на намалените тековни трансфери за 49,5 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 96,5%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-1-2024 изнесува 0,01 милион евра наспроти суфицитот од 0,2 милиона евра остварен во К-1-2023. Влошувањето на салдото на капиталната сметка главно е резултат на одливот на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-1-2024 изнесуваат 290,2 милиона евра и во однос на К-1-2023 се зголемени за 134,1 милион евра. Приливот на СДИ во овој период главно потекнува од реинвестирање на добивката на компаниите со странски капитал (по кој основ е остварен 46,5% од вкупниот прилив на СДИ) и сопственички капитал (34,1% од вкупниот прилив на СДИ), а останатиот

дел (19,4%) се однесува на должничките инструменти.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-1-2024 изнесуваат 76,2 милиона евра, додека во К-1-2023 година тие биле негативни. Ваквите движења во најголем дел се резултат на намалените обврски врз основа на претходно издадени должнички хартии од вредност од страна на државата.

**Останатите инвестиции** изнесуваат 296,3 милиони евра и во однос на истиот квартал од минатата година се намалени за 111,0 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 174,6 милиони евра, сметката на трговски кредити и аванси 98,3 милиони евра и сметката на заеми 23,6 милиони евра.

На крајот на првиот квартал од 2024 година, **девизните резерви** изнесуваат 4,3 милијарди евра и во однос на К-1-2023 се зголемени за 3,1%. На крајот на К-1-2024, девизните резерви обезбедуваат 4,4-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.